Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јули 2024 година

Скопје, јули 2024 година

# З А П И С Н И К
## од Осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 јули 2024 година

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, како и Коста Маневски, градоначаник на Општина Зелениково, Георги Трајчев, секретар на Општина Центар, Данијел Апостолоски, директор на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ

Скопје, Драги Стојаноски, директор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Здравко Трајанов, директор на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ - п.о. – Скопје, Гоце Димовски, директор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Даут Мемиши, директор на Бирото за регионален развој и нотар Методија Ристоски.

Од седницата отсуствуваа д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија и Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Дваесет и петта одлука)

2. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Дваест и шеста одлука)

3. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Дваесет и седма одлука)

4. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Дваесет и осма одлука)

5. Информација за донесување на одлука за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука и Предлог-изјава

6. Барање на Општина Кисела Вода за донесување на Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на ЈУ Завод за рехабилитрација на деца и младинци - Скопје и Предлог-одлука за давање на користење на недвижна ствар на Општина Кисела Вода, со предлог-одлуки

7. Информација на Општина Зелениково со Барање за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Зелениково, поради изградба на објект од јавен интерес со намена В2.8, со Предлог – одлука

8. Информација за давање согласност за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на правно лице на кое е предвидено изградба на објект од јавен интерес од локално значење, со Предлог-одлука

9. Информација за потребата за доделување на деловен простор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, со Предлог-одлука

10. Информација за отстапување без надоместок на нафтени деривати на ЈП Национални шуми П.О Скопје, со Предлог – одлука

11. Информација во врска со Анекс-договор бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош на корисник на Технолошко-индустриска развојна зона, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и ВИК фар ист лимитед (WIK FAR EAST LTD) бр.09-8623/1 од 23.9.2020 година, Анекс-договор бр.1 со бр. 13-528/1 од 21.3.2022 година и Анекс бр.2 со бр. 13-1667/1 од 23.12.2022 година, со Предлог-одлука и текст на Анекс-договор бр.3

12. Информација за потребата од раскинување на договорите за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Северна Македонија - Влада на Република Северна Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

13. Информација за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и Енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Предлог - договор и Предлог – одлука

14. Информација во врска со завршувањето на третата фаза од конкуретниот дијалог за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со прилози и Предлог одлука

15. Информација за статус на спроведување на Законот за финансиска поддршка на инвестициите

16. Информација за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

17. Информација во врска со започната арбитражна постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница-Штип, со прилози

18. Информација со Предлог-решение за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија

19. Информацијата во врска со настанатите штети на објектот на НУ Драмски театар-Скопје, од поројните дождови во јуни 2024 година, со конкретни предлог-решенија за непречено функционирање на Установата, со Извештај од НУ Драмски театар

20. Годишен извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2023 година

21. Кадровски прашања

22. Прашања и предлози

23. Информација за користење на ИПА II и ИПА III

24. Информација за ревидирање на институционалната структура за имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, со прилог

25. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Површинска експлотација" на Факултетот за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со Предлог-решение

26. Годишен извештај за работата на Националната комисија за учебници за 2023 година

27. Предлог - одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија

28. Годишен извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2023 година и Годишен план за работа на Советот за образование на возрасните за 2024 година

29. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Англиски јазик и книжевност" на Факултет за образовни науки, при Приватниот меѓународен балкански универзитет во Скопје, со Предлог – решение

30. Годишен извештај за работата на Одборот за Национална рамка на квалификации за 2023 година

31. Предлог – одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

32. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" Скопје – Економски институт

33. Информација за активностите кои се преземаат со цел обезбедување на оперативност на системот за електронски надзор

34. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош, по скратена постапка

35. Информација за потребата од преземање на конкретни активности за успешно спроведување на процесот на евалуација на предлог-проекти за капитални инвестиции во општините

36. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање на координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026

37. Информација за доделување на дополнителни средства со прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите

38. Предлог - одлука за продолжување на привремената заштита во Република Северна Македонија на лица од Украина

39. Информација за проектот „Енергетски решенија за подобрување на оперативните трошоци и функционирањето на пречистителните станици за третман на отпадни води (ПСОВ) во Северна Македонија"

40. Информација за склучување на Спогодба за вонсудско решавање на споровите од работен однос кои се водат пред судовите во Анкара, по основ парично побарување од работен однос, помеѓу Амбасадата на Република Северна Македонија во Република Турција и Нада Кадех, поранешна ангажирана техничка секретарка во Амбасадата на Република Северна Македонија во Анкара, со прилог

41. Предлог - уредба за управување со јавните инвестиции

42. Информација за потреба од избор на модел на поврат на финансиски средства по основ на судска пресуда, во корист на Република Северна Македонија

43. Информација со Предлог - решение за одобрување/авторизација за користење на неодобрен фитофармацевтски производ, со прилози

44. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка

45. Предлог на закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка

46. Предлог на закон за изменување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, по скратена постапка

47. Ценовник за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

48. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 јули 2024 година до 19 јули 2024 година

49. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 11 јули 2024 година до 17 јули 2024 година

50. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 16 јули 2024 година до 22 јули 2024 година

51. Информација во врска со донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за праведна транзиција, донесена на 13 јуни 2023 година и номинирање на членови во трите работни групи за спроведување на процесот на праведна транзиција, со Предлог – одлука

52. Информација за електронскиот систем за управување со документи

53. Предлог - одлука за формирање на Национален совет за дигитална трансформација на општеството

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Дваесет и петта одлука).

<u>Точка 2</u>

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Дваест и шеста одлука).

## Точка 3

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Дваесет и седма одлука).

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (Дваесет и осма одлука).

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука и Предлог-изјава и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје.

2. Даде Изјава за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

## Точка 6

Владата го разгледа Барањето за донесување на Предлог-одлука за престанок на користење на недвижна ствар на ЈУ Завод за рехабилитрација на деца и младинци - Скопје и Предлог-одлука за давање на користење на недвижна ствар на Општина Кисела Вода, со предлог-одлуки, го усвои Барањето и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Кисела Вода (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата со Барање за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Зелениково, поради изградба на објект од јавен интерес со намена В2.8, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Зелениково, со заклучок предлагачот текстот на истата да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство, откако претходно Барањето за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Зелениково, поради изградба на објект од јавен интерес со намена В2.8 ќе го достави до електронскиот систем www.gradezno-zemjiste.mk, согласно одредбите од Законот за градежно земјиште и ќе обезбеди позитивно мислење од Министерството за транспорт.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за размена на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија со градежно земјиште во сопственост на правно лице на кое е предвидено изградба на објект од јавен интерес од локално значење, со Предлог-одлука за наредната седницата на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања на материјалот со Министерството за финансии, Министерството за транспорт и Секретаријатот за законодавство.

Исто така, ново конкретно (позитивно или негативно) мислење да достави Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата за доделување на деловен простор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, со Предлог-одлука, за некоја од наредните седница на Владата.

**Точка 10**

Владата повторно ја разгледа Информацијата за отстапување без надоместок на нафтени деривати на ЈП Национални шуми П.О Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за употреба и управување со ресурси од Министерството за одбрана при постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс-договор бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош на корисник на Технолошко-индустриска развојна зона, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и ВИК фар ист лимитед (WIK FAR EAST LTD) бр.09-8623/1 од 23.9.2020 година, Анекс-договор бр.1 со бр. 13-528/1 од 21.3.2022 година и Анекс бр.2 со бр. 13-1667/1 од 23.12.2022 година, со Предлог-одлука и текст на Анекс-договор бр.3, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс-договор бр.3 кон Договорот за доделување на државна помош на корисник на Технолошко индустриска развојна зона склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги ВИК Македонија ДООЕЛ с.Алинци, Прилеп и ВИК фар ист лимитед (WIK FAR EAST LTD) бр.09-8623/1 од 23.9.2020 година, Анекс-договор бр.1 бр.13-528/1 од 21.3.2022 година и Анекс-договор бр.2 бр. 13-1667/1 од 23.12.2022 година.

Истовремено, Владата заклучи Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, да ги има предвид финансиските можности за склучување на нови договори и зголемување на висината на износите за доделување на државна помош, имајќи ги предвид обезбедените средства во Буџетот за Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за 2024 година, за доделување државна помош, преземените обврски на веќе склучени договори за државна помош на среден рок и максималните лимити на расходи за наредниот среднорочен период, како и да го има предвид Мислењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како надлежен орган за оцена и надзор на секој облик на државна помош.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од раскинување на договорите за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Северна Македонија - Влада на Република Северна Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-1568/1 од 2.12.2022 година склучен со Друштво за производство, трговија и услуги Кромберг & Шуберт Македонија Ск ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, со заклучок, текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

* * *

Службена белешка

При усогласувањето на Одлуката, се јави потреба истата да се раздели во четири посебни одлуки и истите се реализирани.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и Енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Предлог - договор и Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги Авеста батери и Енерџи инженеринг ДООЕЛ увоз-извоз Скопје – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Кичево.

Истовремено, Владата заклучи Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони потребните финансиски средства да ги планира во рамки на максималните лимити на расходи за наредниот среднорочен период и да ги има предвид преземените обврски за државна помош на среден рок, како и да го има предвид Мислењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како надлежен орган за оцена и надзор на сите форми на државна помош.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со завршувањето на третата фаза од конкуретниот дијалог за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија, со прилози и Предлог одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за финансирање, проектирање, изградба, управување, одржување и развивање на дистрибутивниот систем на природен гас во Република Северна Македонија.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за статус на спроведување на Законот за финансиска поддршка на инвестициите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 15 дена, да формира работна група составена од претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија и труд, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, која ќе изработи Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции и најдоцна до 31 август 2024 година за истото да ја информира Владата.

2. Се задолжува Министерството за економија и труд, најдоцна до 31 август 2024 година, да го подготви и објави правилникот за начинот на вршење на контрола на спроведувањето на договорите за финансиска поддршка на инвестиции.

## Точка 16

Владата на предлог на предлагачот, ја одложи од разгледување Информацијата за давање во закуп на недвижни ствари со непосредна спогодба на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со започната арбитражна постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница - Штип, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, во најкраток можен рок да ги преземе сите потребни активности за обезбедување на меѓународен застапник што ќе обезбеди

застапување и правна стручна поддршка на Министерството за здравство, во сите фази на поведената арбитражна постапка бр. 28278/ELU. и да достави информација до Владата, со предлог за понатамошно постапување.

2. Се задолжува Министерството за здравство да ги предаде сите списи по предметот на избраната адвокатска куќа со цел успешно спремање на одбраната.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со Предлог-решение за именување претседател, генерален секретар и членови на Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија, за некоја од наредните седници на Владата, на предлог на предлагачот.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со настанатите штети на објектот на НУ Драмски театар-Скопје, од поројните дождови во јуни 2024 година, со конкретни предлог-решенија за непречено функционирање на Установата, со Извештај од НУ Драмски театар, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за култура и туризам да подготви и до Владата да достави процена на фискални импликации за алтернатива бр.1 - Проект за комплетна реконструкција на објектот на НУ Драмски театар во Скопје и алтернатива бр.2 - Изградба на нов објект на местото на постоечкиот објект на НУ Драмски театар во Скопје.

**Точка 20**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2023 година и притоа го утврди следното мислење:

При вршење на оценка на работењето на Агенцијата, да се земат предвид констатираните недостатоци и слабостите во работењето на Агенцијата, наведени во Конечниот извештај за извршената ИТ ревизија на усогласеност на информацискиот систем за пријавување, полагање и вработување во Агенцијата за администрација за реализација на надлежностите при вработувањето во јавната администрација, заведен под број 08 2021 03 13 од јуни 2022 година, изготвен од страна на Државниот завод за ревизија, како и спроведените кривични постапки (2023/2024) за утврдување на одговорност за работењето на дел од вработените во Агенцијата, во тек на спроведувањето на постапки за вработување на административни службеници во некои од институциите на јавниот сектор, што од своја страна го отвара и прашањето за одговорност на директорот на Агенцијата за администрација и потребата од понатамошно извршување на неговата функција на позицијата раководно лице на оваа институција.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2023 година.

## Точка 21

1. Владата го разреши Љирим Шабани од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства.

1.1 Владата го именува Сефедин Јонузи за вршител на должноста директор на Агенцијата за лекови и медицински средства и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го разреши Роберт Бекироски од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства.

2.1 Владата ја именува Маја Ковачева за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за лекови и медицински средства и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Борче Хаџиев од должноста директор на Бирото за јавни набавки, на предлог на министерот за финансии.

3.1 Владата ја именува Маре Богева – Мицовска за вршител на должноста директор на Бирото за јавни набавки, на предлог на министерот за финансии и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

4.Владата на Уљуси Бекири му утврди престанок на функцијата вршител на должноста директор на Агенцијата за задолжителнни нафтени резерви согласно закон.

4.1 Владата го именува Неџмедин Садики за вршител на должноста директор на Агенцијата за задолжителнни нафтени резерви на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата им утврди престанок на мандатот на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за задолжителнни нафтени резерви согласно закон и тоа на:

-Давид Вељковиќ,
-Розика Бојаџиева,
-Исмаил Љума,
-Флорентин Муртези и
-Мирхан Арифи.

6. Владата го разреши Феми Јонузи од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено-поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес.

6.1 Владата го именува Наим Љамалари за вршител на должноста заменик на директорот на Казнено-поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата за претседател на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на предлог на членовите на Управниот одбор на Фондот, го именува Иво Николов.

8. Владата даде претходна согласност на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој да го разреши Фестим Халили од должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој.

9. Владата на предлог на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој го именува Никола Додов за вршител на должноста директор на Фондот за иновации и технолошки развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Владата го разреши Мирсад Ибраими од должноста директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на здравствените установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар.

10.1 Владата го именува Башким Бакиу за вршител на должноста директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на здравствените установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар.

11. Владата го разреши Блажо Трендафилов од должноста вршител на должноста директор на Управата за финансиско разузнавање, орган во состав на Министерството за финансии.

11.1 Владата го именува Кјутим Ибиши за вршител на должноста директор на Управата за финансиско разузнавање, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

12. Владата го разреши Ивица Тодоровски од должноста вршител на должноста директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

12.1 Владата го именува Игор Лазаровски за директор на Управата за хидрометеоролошки работи, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го разреши Адем Цури од должноста главен ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

13.1 Владата ја именува Афрона Врзиволи за вршител на должноста главен ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

14. Владата го разреши Лиман Мухаџари од должноста заменик на главниот ревизор на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

15. Владата го разреши Апостол Симовски од должноста директор на Државниот завод за статистика.

15.1 Владата го именува Дејан Станков за вршител на должноста директор на Државниот завод за статистика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

16. Владата го разреши Иљми Селами од должноста заменик на директорот на Државниот завод за статистика.

17. Владата ја именува Солза Грчева за национален координатор за реформи во високото образование.

18. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за приредување на игри на среќа -Државна лотарија на Република Северна Македонија, ги отповика:

-Башким Авдији,
-Бојан Јанев,
-Скендер Мехмети,
-Фатмир Рамаданоски од независен член и
-Александар Димитријоски од независен член.

18.1 Владата за членови на Надзорниот одбор Акционерското друштво за приредување на игри на среќа -Државна лотарија на Република Северна Македонија ги именува:

-Марјанчо Тодоровски,
-Елена Петрушевска за независен член,
-Горан Андриевски за независен член,
-Александар Трајковски и
-Марин Алексов.

19. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост Скопје ги отповика:

-Елизабета Зелениковска од независен член,
-Исмаил Исмаил,
-Албан Љена,
-Весна Павлеска од независен член и
-Младен Стојаноски од Синдикатот на Македонска пошта.

19.1 Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост Скопје ги именува:

-Лиле Симоновска за независен член
-Ана Петрушевска за независен член,
-Златко Савески,
-Илвије Јашари и
-Боро Велигденов од Синдикатот на Македонска пошта.

20. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, ги отповика:

-Слаѓана Богдановиќ,
- Васил Коцев од независен член,
-Игор Петков,
-Сашо Додовски,
-Ридван Асани,
-Катерина Митовска – Наковска од независен член и
-Арбен Несим.

20.1 Владата за членови на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, ги именува:

-Александар Мурговски за независен член,
-Маја Аначкова за независен член,
-Иван Куковски,
-Леко Ристовски,
-Ерхан Рамадан,
-Јетмир Идризи и
-Стевче Антовски.

21. Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

22. Владата го разреши Амир Шабани од должноста директор на Фондот за осигурување на депозити.

22.1 Владата го именува Бехар Емини за вршител на должноста директор на Фондот за осигурување на депозити.

23.Владата го разреши Фатмир Исени од должноста директор на Инспекторатот за употреба на јазиците, орган во состав на Министерството за правда.

23.1 Владата го именува Арсим Идризи за вршител на должноста директор на Инспекторатот за употреба на јазиците, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

24. Владата на Владимир Ангелов му утврди престанок на мандатот директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на негово лично барање.

24.1 Владата ја именува Даниела Станковска – Плачковска за вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

25. Владата го разреши Џемаил Јусуфи од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

25.1 Владата го именува Бејтула Камбери за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за шумарство и ловство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

26. Владата го разреши Нурфет Карагоски од должноста вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии.

26.1 Владата го именува Африм Ќоку за вршител на должноста директор на Државниот девизен инспекторат, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

27. Владата го разреши Емир Сулејмани од должноста вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда.

27.1 Владата го именува Фатон Фазлиу за вршител на должноста директор на Управата за водење на матичните книги, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

28. Владата го разреши Христа Најданов од должноста вршител на должноста директор на Државниот архив на Република Северна Македонија.

28.1 Владата ја именува Наташа Котлар - Трајкова за вршител на должноста директор на Државниот архив на Република Северна Македонија правда и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.

29. Владата го разреши Музафер Беслими од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Државниот архив на Република Северна Македонија.

29.1 Владата го именува Димитар Богески за вршител на должноста заменик на директорот на Државниот архив на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

30.Владата го именува Орхан Муртезани, министер за европски прашања за член на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

31.Владата го разреши Тахир Хани од должноста заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди право за остварување плата по престанување на функцијата.

31.2 Владата го именува Хасим Муртезани за заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

32. Владата го именува Павле Трајанов за национален координатор за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам, сметано од 1 август 2024 година.

33. Владата го именува Блерант Рамадани за национален координатор за примена на нови технологии.

34. Владата на Наумче Мојсоски му утврди престанок на функцијата директор на Агенцијата за млади и спорт, согласно закон.

34.1 Владата на Исак Љазами му утврди престанок на функцијата вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за млади и спорт, согласно закон.

35.Владата им утврди престанок на мандатот на членовите на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, согласно закон и тоа на:

-Ирена Петкова,
-Петар Гроздановски,
-Фидан Селими,
-Александра Спасевска и
-Александра Јањевска Гиновска.

36. Владата ја именува д-р Биљана Кузмановска за вршител на должноста национален координатор за трансплантација, на предлог на министерот за здравство.

37. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево ги разреши:

-Јана Костадиновска,
-Садат Рамчевски,
-Салмир Несимоски,

-Диме Лозанкоски,
-Марјан Младеновски,
-Влора Алиу и
-Фестиме Дервиши.

37.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево, ги именува:

-Ирена Ололоска,
-Трајче Стефаноски,
-Александар Димитров,
-Маја Сиљаноска,
-Леоне Станишоски,
-Лирим Бајрами и
-Арта Садику.

38.Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево, ги разреши:

-Жарко Мариноски,
-Ален Цаноски,
-Лирим Фејза и
-Исмаил Мехмеди.

38.1 Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево, ги именува:

-Александар Трајкоски,
-Александра Аврамоска и
-Драгољуб Мицкоски.

39.Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза – Скопје, ги разреши:

-Тодор Мушевски,
-Валентина Ивановска Милошовска,
-Алириза Мухамед,
-Илир Сулејмани и
-Насер Османи.

39.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза – Скопје, ги именува:

-Тања Јовчевска,
-Стојанче Антовски,

-Сенад Мемет,
-Миљазим Рушани и
-Никола Бујуклиев.

40. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза – Скопје, ги разреши:

-Кире Трампески,
-Тимо Крстев,
-Селим Цамовиќ,
-Мевлуд Барди, поради истек на мандатот и
-Фазлија Мустафи.

40.1 Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро – берза – Скопје, ги именува:

-Ивона Богдан,
-Иван Андов и
-Мариела Христова.

41. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“, Скопје ги разреши:

-Василко Анѓелевски,
-Стојанче Кировски, поради истек на мандатот,
-Михајло Илиевски,
-Паула Гилевска, поради истек на мандатот и
-Васил Зимбаков, поради истек на мандатот.

41.1 Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“, Скопје, ги именува:

-Аритиа Мајнова,
-Бобан Давковски и
-Митко Ангелкоски.

42. Владата од должноста членови и вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“, Скопје, ги разреши:

од должноста членови:
-Фикрет Исени,
-Ристе Спасовски,

-Камер Туша, поради истек на мандатот,
-Татјана Укајдари и
-Оливера Проковиќ.

од должноста вршители на должност членови:
-Емри Ибрахими и
-Фадил Алими.

42.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ Скопје, ги именува:

-Ајдоган Демири,
-Ѓоко Стојчевски,
-Симона Кокаровска,
-Драгана Чолкова,
-Соња Бојковска,
-Александар Дончевски и
-Азиз Авди.

43. Владата од должноста членови и вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, ги разреши:

од должноста членови:
-Раде Христовски,
-Сребре Нечовски, поради истек на мандатот,
-Милка Стојановска, поради истек на мандатот,
-Ерика Пешковска, поради истек на мандатот,
-Горан Шундовски,
-Стевче Стефановски,
-Замир Демири, поради истек на мандатот и
-Васко Ангеловски.

од должноста вршител на должноста член:
-Камбер Камбери, поради истек на мандатот.

43.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, ги именува:

-Ѓорѓи Ѓорѓиевски,
-Николче Котевски,
-Александар Петровски,
-Александар Велјановски,
-Анета Стефановска,
-Садетин Имероски и
-Тони Алушовски.

44. Владата од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, ги разреши:

-Теодор Тодоровски,
-Невена Димовска,
-Теодор Чаламани,
-Мухамед Амзоски, поради истек на мандатот и
-Анета Смилевска, поради истек на мандатот.

44.1 Владата за вршители на должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола, ги именува:

-Благица Талевска,
-Биљана Јовановска и
-Јулија Дамчевска.

45. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево од должноста вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево да ја разреши Ардита Дема, а за вршител на должноста директор да го избере Александар Петрески.

46. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Јавно претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ – Кичево да го разреши Слободан Аврамоски.

47. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје од должноста директор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје да го разреши Ниметула Рамадани, а за вршител на должноста директор да го избере Мевлудин Авдија.

48. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје за вршител на должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза-Скопје да го избере Дарко Ангеловски.

49. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ Скопје од должноста директор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ Скопје да го разреши Новица Зечевиќ, а за вршител на должноста директор да го избере Ангеле Сотировски.

50. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ Скопје за вршител на должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ Скопје да го избере Мевлан Марина.

51. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавно претпријатие „Стрежево“-Битола од должноста директор на Јавно претпријатие „Стрежево“-Битола да го разреши Методија Граматковски, а за вршител на должноста директор да ја избере Вера Бешлиевска.

52. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола од должноста заменик на директорот на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола да го разреши Љутфи Ахмети, а за вршител на должноста заменик-директор да го избере Сирија Рашиди.

## Точка 22

**1.** Владата се информираше во врска со активностите поврзани со набавка (печатење и откуп) на учебници и наставни материјали за учебната 2024/2025 година.

**2.** По повод укажувањето на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Владата заклучи покрај веќе определениот претставник (министер) по текстот на предлогот на закони доставени во Собранието на Република Северна Македонија го определува и заменикот на министерот.

**3.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за дополнување на заклучоците по точка 21 од Нацрт – записникот од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2024 година, го прифати Барањето и заклучи истите да се дополнат и да гласат:

„Се задолжува Министерството за финансии да ја отпочне постапката за задолжување со Унгарската извозна и кредитна банка (Hungarian Export Import Bank PLC) за обезбедување на заем во износ од 500 милиони евра за буџетска поддршка, ликвидни потреби и поддршка на стопанството.

Се задолжува Министерството за финансии во рок од 10 една од завршување на преговорите со Унгарската извозна и кредитна банка (Hungarian Export Import Bank PLC) да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија.“

**4.** Владата на предлог на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, а по повод пожарите кои во изминатиот период зафатија одредени подрачја во Република Северна Македонија, го задолжи Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, да подготви информација за состојбата со пожарите во државата, која да се разгледа на наредната седница на Владата, во присуство на Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

**5.** Владата на предлог на Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, а во врска со насоките за пријавување и управување со примени дарови, ги задолжи

министерствата, органите во состав на министерствата, самостојните органи на државната управа, самостојните државни органи кои одговараат пред Владата, јавните претпријатија основани од страна на Владата и акционерските друштва во државна сопственост, во рок од седум дена да овластат лице кое ќе води евиденција и ќе се грижи за прием, складирање и чување на дарови.

**6.** Владата по повод укажувањето на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Ивица Томовски, заклучи:

- Се задолжуваат сите државни институции, кои немаат постапено по Заклучокот од точка 40 од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јули 2024 година, даден во прилог, во рок од две недели, да ја информираат Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија за исполнетоста на канцелариските простории, односно просторните потреби, според бројот на вработени.

**7.** Владата по повод донесените заклучоци од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2024 година, точка 5: Прашања и предлози, а по повод одбележувањето на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, заклучи, Заклучокот под реден бр. 4 да се измени и да гласи:

„8. Во состав на Делегацијата на Владата на Република Северна Македонија по повод прославата на Државниот празник 2 Август - Ден на Републиката, Илинден 2024, во Смилево, Демир Хисар, да бидат:

- Панче Тошковски, министер за внатрешни работи
- Игор Филков, министер за правда и
- Златко Перински, министер за локална самоуправа.“.

**8.** Владата заклучи, Заклучокот по точка 5 (Прашања и предлози) од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2024 година, кој гласи:

„го задолжи министерот за одбрана во рок од седум дена да формира работна група со претставници од следните институции: Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и надворешен соработник“, да се измени и дополни и да гласи:

„го задолжи Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем да биде координатор на работната група со претставници од следните институции: Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за

локална самоуправа, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и надворешни соработници (адвокати и претставници од синдикатот на пожарникари).

**9.** Владата по повод укажувањето на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем, Љупчо Димовски, а во врска со проблемите со кои се соочуваат жителите на Општина Градско, поради истекување на амонијак од базените на биогасната централа, заклучи:

- Се задолжува Државниот инспекторат за земјоделство и Државниот инспекторат за животна средина, итно да извршат надзор на оваа локација, да ја констатираат фактичката состојба и потоа за ова до Владата да доставаат информација.

**10.** Владата по повод укажувањето на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем, Љупчо Димовски, а во врска со неконтролираниот ископ на песок, чакал и камен од речното корито на реката „Вардар" во атарот на с. Ногаевци, Општина Градско, со кој се поткопуваат темелите на мостот кој се наоѓа во непосредна близина и со истото се доведува во прашање стабилноста на мостот, заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Државниот инспекторат за животна средина, итно да извршат надзор на оваа локација, да ја констатираат фактичката состојба и потоа за ова до Владата да доставаат информација.

**11.** Владата по повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со недостатокот на кадар во подрачното одделение на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во Пехчево, ја задолжи Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во најкраток можен рок да изнајде соодветна замена, со цел непречено давање на услугите кон граѓаните.

**12.** Владата, по повод укажувањето на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а во врска со организацијата на настанот за одбележување на 13 август – ден на потпишување на Охридскиот рамковен договор, кој ќе се одржи во Клубот на пратеници, заклучи финансиските средства во износ од 70.000 евра, потребни за реализација на истиот да ги обезбеди Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, а Министерството за финансии да ги врати во буџетот на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија при повторното разгледување на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**13.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, проф. д-р Христијан Мицкоски, ги информираше членовите на Владата за потребата од формирање на национално координативно тело за реформи во високото

образование, науката и истражувањето и развојот, со кое ќе претседава проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука.

По овој повод, Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за образование и наука да обезбеди претставници во националното координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето и развојот од Интеруниверзитетската конференција, Националниот совет за високо образование, научните институции, МАНУ, Стопанските комори (бизнис-заедницата) и граѓанскиот сектор (Сојуз на студенти), најдоцна до 15 септември 2024 година.

2) Се задолжува Министерството за образование и наука да донесе одлука за формирање на Национално координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето и развојот, најдоцна до 25 септември 2024 година.

**14.** Владата по Барањето за изменување на Заклучокот бр.3, точка 5, „Прашања и предлози: Наредба за обезбедување итна медицинска помош", од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 јули 2024 година, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„3. Се задолжува Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија да ги подмири трошоците за понатамошно лекување на Леонид Индов во ЈЗУ Институт за физикална медицина и рехабилитација-Скопје.".

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за користење на ИПА II и ИПА III и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии):

1. Се задолжува Министерството за финансии во рок од еден месец да ги презентира на седница на Владата, консолидираните резултати од спроведената Анализа на обем на работа за ИПА структурата за периодот 2025-2027.

2. Се задолжуваат Министерството за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и труд и Министерството за социјална политика, демографија и млади до 1 септември 2024 година да ги подготват плановите за вработување, давајќи приоритет на вработувањата во ИПА структурата за 2025 година.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања да го финализира текстот на Политиката за задржување на кадарот во ИПА структурите, согласно насоките на Европската комисија и да го достави до Владата, најдоцна до октомври 2024 година.

4. Се задолжува министерот за европски прашања во функција на национален ИПА координатор, со цел поблиско следење на имплементација на проектите, во рок од 30 дена, да започне со одржување на редовни месечни состаноци со ИПА структурата, ресорните министри и директори на јавни претпријатија за државни патишта и железници.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за ревидирање на институционалната структура за имплементација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Претседавач на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција да биде Министерството за економија и труд.

2. Претседавач на Поткомитетот за економски и финансиски работи и статистика да биде Министерството за финансии.

3. Претседавач на Поткомитетот на трговија, индустрија, царина и даноци да биде Министерството за економија и труд.

4. Се задолжуваат институциите утврдени за претседавачи со телата на ССА да номинираат лице кое ќе копретседава со соодветниот поткомитет и за истото да го известат Министерството за европски прашања веднаш.

Истовремено, Владата го задолжи министерот за европски прашања, м-р Орхан Муртезани, по извршените консултации со надлежните министерства да утврди претседавачи за останатите поткомитети и за истото да ја извести Владата.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Површинска експлотација“ на Факултет за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Површинска експлотација“ на Факултетот за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Истовремено, Владата заклучи доколку се потребни средства за работа на студиските програми од трет циклус, да се обезбедат во рамки на одобрениот буџет без да се бараат дополнителни средства за оваа намена.

**Точка 26**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националната комисија за учебници за 2023 година како материјал за информирање.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 28**

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2023 година и Годишниот план за работа на Советот за образование на возрасните за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Англиски јазик и книжевност" на Факултетот за образовни науки, при Приватниот меѓународен балкански универзитет во Скопје, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Англиски јазик и книжевност" на Факултетот за образовни науки, при Приватниот меѓународен балкански универзитет во Скопје.

**Точка 30**

Владата го разгледа и го усвои Годишниот извештај за работата на Одборот за Национална рамка на квалификации за 2023 година.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" Скопје – Економски институт.

**Точка 33**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за активностите кои се преземаат со цел обезбедување на оперативност на системот за електронски надзор и заклучи истата повторно да се разгледа на седница откако Министерството за правда ќе го усогласи материјалот со Министерството за финансии, Управата за извршување на санкциите и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 34**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош, по скратена постапка и го утврди, со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и Ален Деребан, заменик на министерот за правда, а за повереник Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 35**

Владата по Информацијата за потребата од преземање на конкретни активности за успешно спроведување на процесот на евалуација на предлог проекти за капитални инвестиции во општините го задолжи Министерството за локална самоуправа до 30 ноември 2024 година до Владата да достави предлог-концепт за воспоставување на ресурсен центар за поддршка на развојот на општините (согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии).

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026 и на акциските планови за спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, со заклучок, текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 37**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за доделување на дополнителни средства со прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите и заклучи истата повторно да се разгледа на седница откако Министерството за финансии ќе одржи состанок со Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој со цел изнаоѓање на соодветно решение за надминување на состојбата во Бирото за регионален развој.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на привремената заштита во Република Северна Македонија на лица од Украина.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Енергетски решенија за подобрување на оперативните трошоци и функционирањето на пречистителните станици за третман на отпадни води (ПСОВ) во Северна Македонија“, ја усвои и го задолжи Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Министерството за финансии да ја преиспита потребата за продолжување на Проектот, имајќи ја предвид бавната динамика на реализација на тековните проекти во Министерството, финансирани од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Спогодба за вонсудско решавање на споровите од работен однос кои се водат пред судовите во Анкара, по основ парично побарување од работен однос, помеѓу Амбасадата на Република Северна Македонија во Република Турција и Нада Кадех, поранешна ангажирана техничка секретарка во Амбасадата на Република Северна Македонија во Анкара, со прилог и ја усвои со следниот заклучок:

- Се овластува Амбасадорот на Република Северна Македонија во Република Турција да ја потпише Спогодба за вонсудско решавање на споровите од работен однос кои се водат пред судовите во Анкара под бр. 2016/738 Е одлука бр. 2019/118 К-поранешен Триесет и седми суд, предметот под бр. 2024/62 Е одлука бр. 2024/91 К пред Триесет и деветиот Трудов суд во Анкара и предмет со бр. 2024/96 Е од Шеснаесеттиот Трудов суд во Анкара, по основ парично побарување од работен однос помеѓу Амбасадата на Република Северна Македонија во Република Турција и Нада Кадех поранешна ангажирана техничка секретарка во Амбасадата на Република Северна Македонија во Анкара.

## Точка 41

Владата ја разгледа Предлог - уредбата за управување со јавните инвестиции и согласно расправата на седницата на Владата ја донесе Уредбата што предлагачот дополнително ќе ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Истовремено, Владата заклучи, Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, согласно укажувањата изнесени на расправата на седницата на Владата.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од избор на модел на поврат на финансиски средства по основ на судска пресуда, во корист на Република Северна Македонија, ја усвои и го задолжи Министерството за здравство да го извести Гави, повратот на средства да биде согласно опција број два, еднократна дисконтирана исплата/авансно плаќање кое претставува 78,5% од вкупниот потенцијален износ на поврат или вкупно 473,507.00 УСД.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-решение за одобрување/авторизација за користење на неодобрен фитофармацевтски производ, со прилози, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за одобрување/авторизација за користење на неодобрен фитофармацевтски производ, со заклучок предлагачот текстот на истото редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 44**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, министер за транспорт и Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник Весна Марковска, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

**Точка 45**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, министер за транспорт и Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник Стевчо Јолакоски, државен советник во Министерството за транспорт.

**Точка 46**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, министер за транспорт и Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник Стевчо Јолакоски, државен советник во Министерството за транспорт.

**Точка 47**

Владата повторно го разгледа Ценовникот за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Ценовникот за изменување на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 48**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, за период од 13 јули 2024 година до 19 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 49**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 11 јули 2024 година до 17 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 50**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 16 јули 2024 година до 22 јули 2024 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

Точка 51

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за праведна транзиција, донесена на 13 јуни 2023 година и номинирање на членови во трите работни групи за спроведување на процесот на праведна транзиција, со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за праведна транзиција.

2. Се задолжуваат министерствата кои се членови на Советот за праведна транзиција: Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и труд, Министерството за транспорт, Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, како и правните субјекти Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС, Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје да номинираат членови за трите работни групи: Работна група за обновливи извори и складирање, Работна група за економска транзиција и Работна група за преквалификации и обуки согласно Патоказот за праведна транзиција и во рок од седум дена номинациите да ги достават до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Точка 52

Владата ја разгледа Информацијата за електронскиот систем за управување со документи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за култура и туризам, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт, Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа, Министерството за економија и труд, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Државниот управен инспекторат, Државниот инспекторат за животна средина, Државниот архив на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи, Секретаријатот за законодавство, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Управата за водење на матични книги, во рок од три дена до Министерството за дигитална трансформација да достават податоци за лицата кои до сега работеле на електронскиот систем за управување со документи и податоци за лицата кои работеле на генерирање на процесите за наведените институции во ДМС системот.

2. Се препорачува на Општина Куманово и Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од три дена до Министерството за дигитална трансформација да достават податоци за лицата кои до сега работеле на електронскиот систем за управување со документи и податоци за лицата кои работеле на генерирање на процесите за наведените институции во ДМС системот.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Национален совет за дигитална трансформација на општеството.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:15 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **Игор Јанушев** | **проф. д-р Христијан Мицкоски** |